Рејмонт

Книгата е објавена со поддршка на
преведувачката програма ©POLAND

BOOK INSTITUTE
©POLAND

**Библиотека – „Атлас“**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Лектура
**Ирена Ралева**

Јазична редакција
**Андреј Јованчевски**

Наслов на оригиналот:
**Władysław Reymont**
***Ziemia obiecana***

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Ликовно уредување
**Наталија Лукомска**

---

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

**Владислав Рејмонт**

# Ветената земја

Превод од полски јазик
**Филип Димевски**

Бегемот
Скопје, 2019

# I

Лоѓ се будеше.

Првиот писклив фабрички свиреж ја раскина тишината на раното утро, а по него, на сите страни од градот, сè побучно почнаа да се будат други, ечејќи со рапавите, непослушни гласови, божем хор чудовишни петли со металните грклани пеат повик за работа.

Огромните фабрики, чии долги, црни трупови и витите шии – оџаците – се привидуваа во ноќта, во маглата и дождот – полека се будеа, пламтеа со пламените на печките, издишуваа витли чад, оживуваа и се раздвижуваа во мракот, кој сè уште лежеше на земјата.

Ситен, мартовски дожд, помешан со снег, непрестајно паѓаше и над Лоѓ се простираше тешка, леплива магла; тропотеше по лимените покриви и се слеваше од нив право на тротоарите, на улиците, црни и полни мочурлива кал, на голите дрвја, привиени покрај долгите ѕидови, растреперени од студот, веени од ветрот што дуваше некаде откај накиснатите полиња и тешко се грвалаше по калливите улици на градот, ги тресеше тарабите, ги искушуваше покривите, сипеше по калта, шумеше меѓу гранките на дрвјата и удираше со нив во џамовите на ниската, еднокатна куќа, во која одеднаш блесна светло.

Боровјецки се разбуди, ја запали свеќата и истовремено будилникот почна гласно да ѕвони покажувајќи пет часот.

– Матеуш, чај! – му довикна на лакејот, кој тукуштo влегуваше.

– Сè е подготвено.

– Уште ли спијат господата?

– Веднаш ќе ги разбудам, ако е таква вашата наредба, господине директор, бидејќи господинот Мориц синоќа рече оти денеска сака да поспие подолго.

– Оди, разбуди ги. Ги зедоа ли веќе клучевите?

– Намина Шварц лично.

– Телефонираше ли некој ноќва?

– Кунке беше дежурен, но ништо не ми напомена кога си заминуваше.

– Има ли нешто ново во градот? – запраша брзо, облекувајќи се уште побрзо.

– Ништо, само на Гајеровскиот плоштад избоделе работник.

– Толку, заминувај.

– Но, изгоре и фабриката на Голдберг, на улица Циглена. Нашите пожарникари појдоа, но сè минало добро, останале само ѕидови. Пожарот избувнал од сушилницата.

– Уште нешто?

– Ништо, сè помина фајн[1], гланц – се закикоти.

– Налеј чај, јас сам ќе го разбудам господинот Мориц.

Се облече и појде кај соседните соби, преминувајќи преку трпезаријата, каде што ламбата, висната од таванот, фрлаше остра, бела светлина на тркалезната маса, послана со чаршаф и подготвена со сервирани филџани, и на сјајниот самовар.

– Макс, пет часот е, станувај! – извика, отворајќи ја вратата на темната соба, од која бувна задушлив воздух, презаситен со мирис на темјанушки.

Макс не се огласи, само креветот закрцка и зачкрипи.

– Мориц! – викна во другата соба.

– Не спијам. Не спиев цела ноќ.

– Зошто?

– Мислев на нашана работа, малку се пресметував, и така мина.

– Знаеш, Голдберг синоќа изгорел и тоа сосема гланц, како што вели Матеуш...

– Тоа не ми е новост – одговори зевајќи.

– Од каде знаеше?

– Пред еден месец знаев дека му е нужно да се запали. Дури се зачудив што одвлекува толку време, оти нема да му дадат камата од осигурувањето.

– Имаше ли многу стока?

– Имаше многу осигурена...

– Си го израмни билансот.

Обајцата искрено се насмеаја.

Боровјецки се врати во трпезаријата и се напи чај, а Мориц, како и обично, по целата соба си ги бараше разните делови од гардеробата и го пцуеше Матеуш.

– Има да ти ја здробам муцката, црвен бархет ќе ти ја направам, ако не ми диплиш сè како што треба.

– Морген! – викна Макс, кој најпосле се разбуди.

[1] Од германски *fein* – добро, одлично (прев.).

– Не стануваш? Веќе мина пет.

Одговорот го заглушија свирчињата што небаре згрмеа над самата куќа и неколку секунди рикаа со толкава сила, што џамовите ѕвечеа во прозорците.

Мориц, само по долна облека, со палто на рамената, седна покрај печката во која весело крцкаа цепеници полни со смола.

– Не излегуваш?

– Не. Требаше да одам во Томашув, зашто Вајс ми пиша да му донесам нови влачила, ама нема да одам сега. Студено ми е и не ми се оди.

– Макс, и ти ли остануваш дома?

– А каде да брзам? Во таа скапана шупа? Освен тоа, вчера се скарав со фатер ми.

– Макс, лошо ќе завршиш зашто постојано се караш со сите! – строго и незадоволно промрморе Мориц, претурајќи по огнот со машата.

– Што ти е гајле тебе за тоа! – викна нечиј глас од другата соба.

Креветот силно зачкрипи и на вратата се појави големата фигура на Макс, само по долна облека и по папучи.

– Е, баш, па, ми е гајле.

– Остави ме на раат, не ме нервирај. Карол ме разбуди, ѓавол знае зошто, а ти пак почнуваш да галамиш.

Зборуваше гласно, со низок, силно бучен глас.

Се повлече во својата соба и, по миг, ја изнесе целата гардероба, ја фрли на килимот и почна полека да се облекува.

– Ни ја уништуваш работата со тие твои кавги – повторно започна Мориц, натиснувајќи ги златните бинокли на сувиот, семитски нос, бидејќи постојано му се слизнуваа.

– Каде? Што? Како?

– Секаде. Вчера, кај Блументалови, гласно рече дека повеќето наши фабриканти се прости арамии и измамници.

– Реков, и секогаш ќе го тврдам тоа.

Некаква неволна, презрива насмевка му прелета преку лицето кога го гледаше Мориц.

– Ти, Макс Баум, нема да го тврдиш тоа, не смееш да го тврдиш тоа, ти велам.

– Зошто? – тивко праша и се потпре на масата.

– Јас ќе ти кажам, ако сам не разбираш. Пред сè, што има тоа врска со тебе? Што ти е гајле дали се тие арамии или се чесни луѓе?

Сите ние заедно сме овде во Лоѓ за да направиме гешефт[2], добро да заработиме. Никој од нас нема овде да векува. А секој прави пари како знае и умее. Ти си црвен, ти си радикал, црвенило бр. 4[3].

– Јас сум чесен човек – сржа Макс, налевајќи си чај.

Боровјецки, налактен на масата, го нурна лицето во дланките и слушаше.

На добиениот одговор, Мориц енергично се сврте, дури му паднаа биноклите и удрија во потпирката на столчето, го погледна Макс со насмевка на зајадлива иронија на тесната уста, со тенките прсти, на кои искреа прстени со скапоцени камења, си ја помазни ретката брада, црна како катран, и подбивно прошепоте:

– Не зборувај глупости, Макс. Тука се работи за пари. Тука се работи за тоа да не истапуваш јавно со такви обвиненија, зашто може да му наштетиш на нашиот кредит. Ние тројцата треба да отвориме фабрика. Ништо немаме, ни треба кредит и доверба кај оние што треба да ни го дадат. Ние сега треба да бидеме пристојни луѓе, убави, драги, добри. Ако Борман ти каже: „Одвратен е Лоѓ", тогаш ти речи му дека е четирипати одвратен – нему треба да му се потврдува, зашто тој е крупен фиш[4]. А ти што му кажа на Кнол за него? Дека е глупав простак. Човеку, тој не е глупав, зашто од својот мозок извлекол милиони, тој ги има тие милиони, а и ние сакаме да ги имаме. За нив ќе зборуваме кога ќе имаме пари, а сега треба да молчиме, потребни ни се; ајде, нека каже Карол дали не сум во право. На крајот на краиштата, мене ми е до иднината на нас тројцата.

– Мориц речиси сосема е во право – одлучно рече Боровјецки, кревајќи ги студените, сиви очи кон огорчениот Макс.

– Знам дека имате право, лоѓско право, но не заборавајте дека сум чесен човек.

– Флоскула, стара, излитена флоскула!

– Мориц, ти си подмолен чифут! – силно викна Баум.

– А ти си глупав, сентиментален Германец.

– Се карате за зборови – ладнокрвно се огласи Боровјецки и зеде да го облекува палтото. – Жал ми е што не можам да останам со вас, но ја пуштам во погон новата печатница.

– Каде застана нашиот вчерашен разговор? – праша Баум, веќе сосема смирено.

– Отвораме фабрика.

---

[2] Од герм. *Geschäft* – бизнис (прев.).

[3] Дефиниција за нијанса на црвена што се употребувала во текстилната индустрија (заб. на прев.).

[4] Од герм. *Fisch* – риба (прев.).

– Да, јас немам ништо, ти немаш ништо, тој нема ништо – гласно се насмеа.

– Значи, заедно имаме баш толку, тамам толку колку што треба за да отвориме голема фабрика. Што може да загубиме? Секогаш може да се заработи – дофрли по миг. – Впрочем, или правиме трговија или не направиме трговија. Изјаснете се уште еднаш.

– Правиме, правиме! – повторија обајцата.

– А што, Голдберг изгорел? – праша Баум.

– Да, си го израмнил билансот. Мудар човек, ќе спечали милиони.

– Или ќе заврши во затвор.

– Глупав збор! – нетрпеливо се сепна Мориц. – Такви зборови да кажуваш во Берлин, во Париз, во Варшава, а не во Лоѓ. Тоа се непријатни зборови, поштеди нè од нив.

Макс не рече ништо.

Свирчињата повторно почнаа да ги креваат своите продорни, вознемирувачки гласови и сè посилно ја пееја својата утринска песна.

– Па, мора веќе да одам. До гледање, ортаци, не карајте се, одете на спиење и сонувајте ги милионите што ќе ги спечалиме.

– Ќе ги спечалиме!

– Ќе ги спечалиме! – рекоа сите едногласно.

Пријателски си подадоа рака и силно се ракуваа.

– Треба да се запише денешниов датум, ќе биде незаборавен за нас.

– Само додади во наводници, Макс, кој од нас прв ќе посака да ги изигра другите.

– Ти, Боровјецки, си благородник, на посетниците имаш грб, на прокурата си ставил дури и свое „фон“, а си најголем лоѕерменш[5] од сите нас – шепна Мориц.

– А зар ти не си?

– Јас, пред сè, немам потреба да зборувам за тоа, бидејќи имам потреба да направам пари. Вие и Германците сте добри народи, ама за дрдорење.

Боровјецки ја крена јаката, педантно се закопча и излезе.

Непрестајно росеше дожд и паѓаше накосо, сè до половината на прозорците од малите куќички, кои на овој крај од улица Пјо-

---

[5] (герм.) (*lodzer* – лоѓски, *mensch* – човек) – термин (од некои употребуван пејоративно или иронично) со кој се нарекувале најбогатите жители на индустрискиот Лоѓ во XIX и почетокот на XX век (главно сопствениците на фабрики) (заб. на прев.).

трковска беа густо начичкани една покрај друга, само овде-онде беа небаре растуркани од некој фабрички џин или од прекрасна палата на некој фабрикант.

Дрворедите ниски липи на тротоарот автоматски се свиваа од ударот на ветрот што фучеше по калливата, речиси црна улица, бидејќи ретките улични светилки расеваа само мали кругови жолта светлина во кои блескаше црната, леплива кал на улицата, и минуваа стотици луѓе, во голема тишина и во луда трчаница поради повикот на свирчињата што сега сè поретко се огласуваа наоколу.

– Ќе ги спечалиме? – повтори Боровјецки, подзастанувајќи и врежувајќи го погледот во хаосот од оџаците што се привидуваа во мракот. Во црната, неподвижна, дива – поради својот каменен мир – маса на фабриките, кои стоеја насекаде и како од сите страни да се извишуваа пред него со своите црвени, моќни ѕидови.

– Морген! – му дофрли некој и протрча понатаму.

– Морген... – шепна Боровјецки и бавно продолжи понатаму.

Го гризеа сомнежи, илјадници мисли, цифри, претпоставки и комбинации му превираа во мозокот, речиси заборавање каде е и каде оди.

Илјадници работници, божем тивки, црни роеви, одеднаш исползија од страничните улички, кои изгледаа како канали полни кал, од куќите што стоеја на крајот од градот како големи буништа – и ја исполнија Пјотрковска со одекот на чекорите, ѕвечењето на лимените садови што отсјајуваа на светлината од уличните светилки, со сувиот тропот на дрвените ѓонови на наланите, со некаков сонлив џагор и со шлапкањето на калта под нозете.

Ја преплавија целата улица, одеа од сите страни, ги исполнуваа тротоарите, цапаа по средината на улицата, полна црни вирови вода и кал. Едни застануваа во безредни толпи пред портите на фабриките, други, поредени во колона како долга змија, исчезнуваа низ портите, божем полека ги голташе распламтената светлина од внатрешноста.

Во темните длабочини почна да проблеснува светлина. Црните, молчаливи четириаголни фабрики одеднаш заблеснаа со стотиците осветлени прозорци светејќи како огнени очи. Електричните сонца одеднаш виснаа во сенките и искреа во празнината.

Почна да избива бел чад од оџаците и да се извива низ моќната камена шума, која како да почиваше на илјадници столбови и како да се колебаше во трепетите на електричната светлина.

Улиците опустија, ги гасеа уличните светилки, замолкнаа последните свирчиња, тишина исполнета од плескањето на дождот, од сѐ потивкото фучење на ветрот, се развлече по улицата.

Ги отвораа биртиите и пекарниците, а некаде, на некое прозорче на мансардите или во сутерените, каде што се цедеше уличната кал, светеше светлина.

Само во стотиците фабрики вриеше напрегнат, трескав живот; длабокиот тропот на машините трепереше во магливиот воздух и го удираше в уши Боровјецки, кој сѐ уште шеташе по улицата и гледаше во фабричките прозорци, зад кои се оцртуваа црните силуети на работниците или џиновските контури на машините.

Не му се одеше на работа. Му беше добро вака да оди и да размислува за идната фабрика, да ја уредува, да ја пушта во погон, да ја надгледува. Толку се задлабочуваше во овие мечти, што напати јасно ја слушаше околу себе и ја чувствуваше оваа идна фабрика. Ги гледаше купиштата штофови, канцеларијата, купците, лудиот метеж што владееше. Чувствуваше некаков голем бран богатства што му течеше под нозете.

Несвесно се смешкаше, очите му сјаеја од влажен сјај, на бледото, прекрасно лице му изби руменило од длабока радост. Нервозно си ја помазни брадата, мокра од дождот, и се свести.

– Каква глупост – неволно шепна и се обѕрна наоколу, небаре во страв да не ја забележал некој оваа мигновена слабост.

Немаше никого, но веќе осамнуваше. Од слабата, замаглена мугра полека почнаа да се подаваат контурите на дрвјата, фабриките и куќите.

Од наплатните рампи почнаа да се протегнуваат по Пјотрковска редици селски коли, од градот, по нерамниот пат, тропотеа огромни товарни запреги натоварени со јаглен и платформи натрупани со преѓа, памук во бали, суровини или буриња, а меѓу нив забрзано се промолкнуваа малите двоколки или кочиите на фабрикантите што брзаа на работа, или бучно ќе се провреше пајтон на некој задоцнет службеник.

На крајот од Пјотрковска, Боровјецки скршна лево, во мала, некалдрмисана уличка, осветлена од неколку улични светилки обесени на јаже и со голема фабрика, која веќе работеше. Долгата, четирикатна зграда светеше со сите прозорци.

Бргу се преоблече во валкана блуза, измачкана со фарба, и отрча во своето одделение.

## II

– Мари, добар ден! – викна Боровјецки.

Мари, обвиен во долг, син мантил, се подаде од зад низите подвижни котли, во кои вриеја и се правеа фарби. Во бледата електрична светлина, заситена од разнобојни пареи, неговото долгнавесто, ковчесто лице, педантно избричено, на кое светкаа бледосини, небаре избледени очи, оставаше впечаток како да е карикатура од *Punch*[6].

– А, Боровјецки! Сакав да се видам со вас, вчера бев кај вас, го затекнав Мориц, но бидејќи не го поднесувам, не почекав.

– Добро момче е.

– Што ми е гајле за неговата добрина!? Не ја поднесувам неговата раса.

– Го бојадисуваат ли веќе број педесет и седум?

– Го бојадисуваат. Издадов фарба.

– Се држи ли добро?

– Првите метри малку размачкуваше. Од централата испратија нарачка за петстотини парчиња од вашено ламе.

– Аха, број дваесет и четири, светлозелена.

– И Бех од филијалата телефонираше за истото. Ќе правиме ли?

– Денес веќе не. Имаме итна работа, треба уште поитно да ги бојадисаме летнине штофови.

– Телефонираа за бархетот број седум.

– Во апретура е. Мора веднаш да одам таму.

– Сакав да ви кажам нешто...

– Повели, повели! – шепна љубезно, но со извесна антипатија.

Мари го фати под рака и го одведе во ќошот зад големите бочви, од кои постојано се црпеше фарба.

„Кујната“ – така ја нарекуваа оваа хала – тонеше во мрак. Под ниските стреи, божем под челични чадори, бавно, автоматски се вртеа широки бакарни мешалки, кои ја размешуваа фарбата во големи котли, блескави од полираниот бакар.

Целата зграда се тресеше од работата на машините.

---

[6] Сатиричен неделник што се појавувал во Велика Британија во годините 1841–1992 и 1996–2002.

Долги трансмисии, небаре бледожолти змии со бескрајна должина, со луда брзина се гонеа под таванот, се превиваа над двојната низа котли, ползеа покрај ѕидовите, високо се вкрстуваа, едвај видливи во облакот од остри разнобојни пареи што непрестајно бувтаа од котлите, притемнувајќи го светлото и бегајќи помеѓу ѕидовите, низ сите отвори кон другите хали.

Силуетите на работниците во кошули, замачкани од фарби, тивко се прикрадуваа и исчезнуваа во самракот како сенки, количките бучно влегуваа и излегуваа, натоварени со готови фарби, кои ги пренесуваа до печатницата и бојаџилницата.

Стравотно остар мирис на сулфур се ширеше насекаде.

– Вчера купив мебел – Мари тивко му шепотеше в уво на Боровјецки. – Знаете, за малиот салон купив жолт, свилен, во стилот ампир. За трпезаријата нарачав да ми изработат дабов мебел, во стилот на Анри IV, а за будоарот...

– А кога се жените? – го прекина мошне нетрпеливо.

– Па, уште не знам. Макар што би сакал што поскоро.

– Значи, веќе ја побаравте? – Боровјецки мошне иронично го погледна грбавиот Англичанец, кој изгледаше доста смешно; грпката сега му изгледаше чудовишно, а самиот тој потсетуваше на мајмун со долгата, истакната вилица и со неверојатно подвижната, широка уста.

– Така некако. Баш во неделата ми рече дека би сакала да има уреден стан. Детално се распрашував, а таа одговараше така како што одговараат жените кога се работи за нивното идно домаќинство.

– И минатиот пат мислевте исто.

– Да, но не бев ниту половина толку сигурен! – ревносно го уверуваше.

– Па, штом е така, искрено ви честитам. Кога ќе ја запознам свршеницата?

– Сè во свое време.

– И затоа верувам дека наскоро ќе се ожените – подбивно прошепоти Боровјецки.

– Ќе сакате ли да дојдете утре кај мене? Секако би сакал да го чујам вашето мислење за мебелот.

– Ќе дојдам.

– Но кога?

– По ручекот.

Мари се врати кај фарбите и лабораторијата, а Боровјецки потрча понатаму во бојаџилницата, низ ходниците и премините

затрупани со колички што беа натоварени со стока од која се цедеше вода, со луѓе и макари ткаенина што лежеше поземи во големи купишта и чекаше да дојде нејзиниот ред.

Постојано му го попречуваа патот за сенешто.

Издаваше кратки наредби, бргу одлучуваше, набрзина информираше, одвреме-навреме ќе погледнеше некој урнек за фарба што ќе му го донесеше работникот и одлучно ќе дофрлеше: „Добро“ или „уште“ – и ќе отрчаше понатаму, среде погледите на стотиците работници и вревата на фабриката, која, божем пекол, вриеше во хаос.

Сè се тресеше – ѕидовите, таваните, машините, подовите, боботеа мотори, продорно пиштеа ремени и трансмисии, колички тропотеа по асфалтниот под, одвреме-навреме ѕвечеа погонски тркала, чкрипеа запченици, наспроти тоа море од растргнато треперење долетуваа некакви извици или се разнесуваше силниот, громок здив на главната машина.

– Господине Боровјецки!

Го напрегна видот, бидејќи низ пареата што ја исполнуваше целата бојаџилница речиси ништо не се гледаше, освен слабите контури на машините. Не знаеше кој го довикува.

– Господине Боровјецки!

Се сепна, бидејќи некој го фати под рака.

– А, господине директор – шепна, откако го препозна сопственикот на фабриката.

– Ве гонам, но вие добро ми бегате.

– Работа, господине директор.

– Да, да, разбирам. Смртно се изморив – силно го држеше за раката, замолкна и бревташе од замор.

– Оди ли, а? – праша по миг.

– Се работи – кратко дофрли Боровјецки и појде напред.

Фабрикантот, фатен под неговата рака, тешко се влечеше, се потпираше на дебелиот бастун и, речиси превиен на половина, ги креваше тркалезните црвени јастребови очи и големото, сјајно, тркалезно лице, украсено со мали бакенбарди и рамно потстрижени мустаќи.

– И, добро ли функционираат вотсониве?

– Печатат по петнаесет илјади метри дневно.

– Малку – тивко промрмори, му ја пушти раката и седна на количка полна со суров перкал, си ја измазни наметката во која беше облечен, се потпре на бастунот и седеше така.

Боровјецки отрча кај големите бојаџиски каци над кои, на големи валјаци, се вртеа во круг размотани бали ткаенина и се капеа во фарба, распрснувајќи ја по лицата и кошулите на работниците што стоеја неподвижно и постојано со дланките црпнуваа вода од каците, за да проверат дали во неа има уште од фарбата што ја впиваше ткаенината.

Неколку десетици валјаци, подредени во низа, непрестајно се вртеа во круг, со мачна рамномерност; долгите, замотани бали ткаенини тонеа во фарбата и во маглата светкаа со матните дамки црвенило, азур и окер.

Од другата страна, зад двојниот ред железни столбови, кои ги држеа горните катови на фабриката и беа густо распоредени по огромната хала, беа коритата за плакнење, долги сандаци, полни со зовриена вода што се пенеше од сода, механичките перачки, пресите за цедење на ткаенината, сапунот, низ кои проаѓаше суровата ткаенина; од тресалките се распрснуваше вода по халата и над перачниците создаваа толку густа магла, што запалените светилки како едвај да се одразуваа во огледало.

Ѕвечеа механичките преносители, прифаќајќи ја веќе испраната стока на себе, небаре на раширени раце, и им ја предаваа на работниците, кои со шипки ја подредуваа во големи набори во количките што постојано пристигнуваа.

– Господине Боровјецки! – извика фабрикантот кон некоја сенка што ѕирна од маглите, но тоа не беше Боровјецки.

Стана и си ги одвлечка ревматичните нозе по халата, сласно се капеше во оваа разгорена атмосфера. Го потопуваше своето болно тело во халата полна со испарувања, остри мириси на фарби, вода распрскана од коритата за плакнење и од каците, што се цедеше од количките, што шлапкаше под нозете, што течеше од таваните, од кои кондензираната пареа опаѓаше речиси во млазови.

Разулавениот, сличен на растреперено јачење, ѕвекот на центрифугата што ја истиснуваше водата од ткаенините, целосно ги исполнуваше халите, им ги сврдлеше нервите на работниците, кои вардејќи ја надгледуваа работата и беа целосно сосредоточени на бдеењето над машините, и се разбиваше од разнобојните ткаенини што, божем бајраци, се вееја на преносителите.

Сега Боровјецки беше во соседната хала, каде што на ниски англиски машини со стар систем се бојадисуваа обичните црни ткаенини за машка облека.

Денот се влеваше низ стотиците прозорци и положуваше зеленкав тон врз црните испарувања и врз работниците, кои стоеја

неподвижно како столбови од базалт, загледани во машините низ кои минуваа десетици илјади метри, нагризувани од запенетите, распрскани црни фарби.

Ѕидовите непрестајно треперea. Фабриката работеше со полна пареа.

Дигалките, вградени во ѕидовите, го поврзуваа долниот дел на фабриката со нејзините четири горни катови. Секој миг одекнуваше длабок ѕвекот на другата страна на халата – дигалка земаше или исфрлаше од себе колички, стока, луѓе...

Денот почна да ѕирка и во големата хала, валкана светлина се провираше низ малите запотени џамчиња, наслоени со нечистотија и пареа, извлекувајќи ги од нив полните контури на машините и на луѓето, но во оваа сиво-зеленкава светлина, по која пловеа долги снопови црвена пареа и каде што се прашеа ореолите на плинските светилки – и луѓето и машините изгледаа како да не се при свест, како виденија што ги зграпчила страшната сила на движењето; како некакви партали, прав, развиорени струготини, испреплеткани, фрлени во вир што бучно вриеше.

Херман Бухолц, сопственикот на фабриката, кога ја разгледа бојаџилницата, се одвлечка понатаму.

Минуваше низ павилјоните, се качуваше нагоре со дигалките, слегуваше по скалите, одеше по долгите ходници, ги набљудуваше машините, ја надгледуваше стоката, одвреме-навреме ќе фрлеше мрачен поглед кон луѓето, ќе кажеше некој краток збор, кој, како молња, ја облетуваше целата фабрика, па ќе одмореше на купиштата бали, а повремено на праговите; ќе исчезнеше, па за миг ќе се појавеше на друга страна на фабриката, кај складиштата за јаглен, меѓу вагоните, кои стоеја во колони од едната страна на огромното четириаголно двориште, оградено со ѕидовите на фабриката како со тараби.

Беше насекаде, а одеше како есенска ноќ, мрачен и молчалив; каде и да се појавеше, каде и да поминеше, разговорот замолкнуваше, лицата се сведнуваа, очите престануваа да гледаат, ликовите се свиваа и се грчеа, како да сакаа да побегнат од опфатот на неговиот поглед.

Неколкупати се сретна со Боровјецки, кој постојано трчаше по одделението.

Пријателски се гледаа еден со друг.

Херман Бухолц го сакаше својот директор на печатницата, та дури и го ценеше на цели десет илјади рубли, колку што му плаќаше годишно.

„Ова е мојата најдобра машина во одделениево", си мислеше гледајќи го него.

Самиот тој веќе не се занимаваше со ништо, зетот ја водеше фабриката, а тој, по навиката од целиот живот, секое утро доаѓаше заедно со работниците.

Во фабриката појадуваше и седеше до пладне, а по ручекот, ако не одеше во градот, ги обиколуваше канцелариите, складиштата, магацините за памук.

Не можеше да живее далеку од тоа моќно кралство што целиот живот го создаваше со сопствен труд и со моќта на својата индустриска генијалност, мораше да ги чувствува под нозете, во себе, овие немирни, растреперени ѕидови; добро се чувствуваше дури кога се промолкнуваше низ преѓата на трансмисиите и ремените, што беше развлечена по целата фабрика, среде острите мириси на фарбите, машините за белење на ткаенините, непреработениот материјал и на загреаните масла на оваа страшна жештина.

Сега седеше во печатницата и, со раката над очите, ги гледаше халата, силно осветлена од големите прозорци, и печатарските машини пуштени во погон, овие железни пирамиди што работеа забрзано и во некаква кобна тишина.

Покрај секој печатач, посебна парна машина свистеше со своето погонско тркало, кое, небаре сребрен, полиран штит, трепереше со толку луда брзина, што не можеше да се забележат контурите, туку само некаков сребрен ореол се вртеше околу својата оска и распрснуваше светла, искрива магла.

Машините работеа со брзина што не запираше ни за миг; бескрајно долгите ленти ткаенини што се преметнуваа помеѓу бакарните валјаци, кои ги отпечатуваа врз нив боите на дезенот, исчезнуваа нагоре, на повисокиот кат, во сушилницата.

Луѓето, кои зад машините ја подметнуваа стоката за печатење, се движеа сонливо, а мајсторите стоеја пред машините; постојано некој се сведнуваше, ги прегледуваше валјаците, долеваше фарба од големите каци, го гледаше материјалот и пак стоеше, загледан во тие илјадници метри што врвеа со луда брзина.

Боровјецки втрчуваше во печатницата за да ја надгледува работата на тукуштo монтираните машини, ги споредуваше урнеците на свежо отпечатените материјали, издаваше наредби, одвреме-навреме, на негов гест, запираше разработениот колос, детално прегледуваше и повторно одеше понатаму, бидејќи го занесуваше овој моќен ритам на фабриката, стотициве машини,

илјадницииве луѓе што со најголемо, речиси побожно внимание ја надгледуваа нивната работа, планиниве готова стока што ја пренесуваа со колички што се сновеа низ халите од пералницата до бојаџилницата, од бојаџилницата до сушилницата, оттаму на апретура и уште на десет други места, пред да излезат готови.

Само одвреме-навреме ќе седнеше во својот кабинет, кој се наоѓаше покрај „кујната“, и таму – во паузата помеѓу комбинирањето нови дезени, разгледувањето на урнеците испратени од странство, кои, налепени во албуми, стоеја во огромни купишта по масите – ќе се замислеше, поточно се обидуваше да размислува за себе, за проектот за фабриката што ја планираше заедно со пријателите – но не можеше да си ги собере мислите, не можеше да се сконцентрира на себе ниту за миг, бидејќи оваа фабрика, чиј шум одекнуваше во неговиот кабинет, чиј погон и пулсирање ги чувствуваше во сопствените нерви, речиси во сопствениот крвоток, не му дозволуваше да се изолира, неодоливо примамуваше, го присилуваше да ѝ служи и да ја варди секој што се движеше во нејзината орбита.

Ќе срипаше и пак ќе потрчаше, но денот страшно му се продолжуваше, така што, околу четири, појде во канцеларијата што беше во друго одделение, за да се напие чај и да му телефонира на Мориц, за да дојде денес во театарот, каде што се одржуваше аматерска претстава во некаква добротворна цел.

– Господинот Велт дури пред половина час си замина од кај нас.

– Беше овде?

– Зеде педесет парчиња бела стока.

– За себе?

– Не, по нарачка на Амфилов, за Харков. Ќе запалите пура?

– Секако, ќе запалам, ѓаволски сум изморен.

Запали и седна на високо столче пред празното биро.

Главниот книговодител на канцеларијата, кој понизно му понуди пура, стоеше пред него полнејќи си го лулето со тутун. Неколкумина млади момчиња, сместени на високи столчиња, пишуваа во големи книги со црвени линии.

Тишината што владееше овде, иритирачкото чкрипење на перата, монотоното чукање на часовникот, нервозно влијаеја врз Боровјецки.

– Што има ново, господине Шварц? – праша.

– Розенберг пропадна.

– Сосема?

– Уште не се знае, но мислам дека ќе се пазари, оти, каква зделка е тоа едноставно да банкротираш? – тивко се насмеа и со прстот го наби влажниот тутун во лулето.

– Фирмата губи?

– Зависи од тоа колку проценти ќе плаќа.

– Знае ли Бухолц?

– Денеска уште не бил кај нас, но кога ќе дознае, ќе му препукне жолчката, чувствителен е на загуби.

– Би можел да се шлогира – шепна некој од сведнатите над својата работа.

– Би било штета!

– Многу голема, Бог да чува!

– Нека живее сто години, нека има сто палати, сто милиони, сто фабрики.

– И нека го однесат сто ѓавола! – тивко шепна некој.

Настана тишина.

Шварц строго ги погледна вработените, потоа го погледна Боровјецки, небаре сакаше да се оправда дека тој не е виновен за ништо, но Боровјецки гледаше во прозорецот со незаинтересиран поглед.

Во канцеларијата владееше атмосфера на мачна досада.

Ѕидовите, сè до таванот, беа обложени со дрво бојадисано како да е даб, полни полици со книги, систематски распоредени, тажно жолтееја.

Наспроти прозорците стоеше голема, четирикатна зграда, од гола, црвена тула, и фрлаше сиво-’рѓав, депримирачки рефлекс во канцеларијата.

Преку асфалтираното двориште, по кое одвреме-навреме тракаа колички и преминуваа луѓе, на висина на првиот кат преминуваа дебели, колку раце на атлет, трансмисии и силно ’ржеа, од што џамовите во канцеларијата непрестајно треперea.

Високо над фабриката висеше небото, како тешко, валкано платно, од кое капеше ситен дождец и во уште повалкани млазови се стекуваше по извалканите ѕидови и се цедеше по прозорците на канцеларијата, запрашени од јагленов и памучен прав, како одвратни плуканици.

Во аголот на канцеларијата, над плинот, зашумоли самовар.

– Господине Хорн, ќе ми дадете ли чај?

– А, можеби би сакале бутершнит[7]? – љубезно понуди Шварц.

– Само ако е кошер.

---

[7] (герм.) Сендвич, или парче леб, со путер (прев.).

– Тоа значи дека е подобар од оние што обично ги јадете, господине Фон Хорн!

Хорн донесе чај и застана за миг.

– Што ви е? – го праша Боровјецки, кој со него се познаваше подобро.

– Ништо – одговори кусо и со омразен поглед го одмери Шварц, кој ги одвиткуваше сендвичите од весникот и ги редеше пред Боровјецки.

– Изгледате многу лошо.

– На господинот Хорн не му годи фабрикава. По салоните, тешко му е да се привикне на канцеларијата и на работата.

– Стока или некое друго шугаво животно може лесно да се навикне на јарем, но на човекот му е потешко – налутено просаска, но толку тивко, што Шварц не ги разбра зборовите, само внимателно погледна, тапо се насмевна и прошепоти:

– Господине Фон Хорн! Господине Фон Хорн! Да не сакате да пробате, господине директор, овде има комбинација со пилешка шунка, многу добра, жена ми е позната по ова.

Хорн се оддалечи, седна на бирото и талкаше со погледот по црвените ѕидови, по прозорците, зад кои белееја купишта памук што го расукуваа за предење.

– Дајте ми уште чај.

Боровјецки сакаше да го испита.

Хорн го принесе чајот до устата и, не кревајќи го погледот, се сврте кон излезот.

– Господине Хорн, можете ли да дојдете кај мене за половина час?

– Добро, господине директор. Јас дури имав и работа со вас и за таа цел сакав утре да дојдам кај вас. Можеби сега ќе сакате да ме сослушате?

Сакаше да шепне нешто доверливо, но во канцеларијата влезе жена, туркајќи четири деца пред себе.

– Славен да биде Исус Христос! – тивко шепна, со погледот ги опфати сите глави што се подигнаа од пултовите и покорно се наведна до нозете на Боровјецки, бидејќи стоеше најблизу и имаше најзначаен израз на лицето.

– Многупочитуван господине земјопоседник, дојдов со молба, поради тоа што на маж ми машина му ја откина главата, сега сум кутра сиротица со деца, бедни сме. Па, дојдов да измолам правдина, да ми помогнете, многупочитуван господине земјопоседник, оти машината му ја откина главата на маж ми. Многупо-

читуван земјопоседнику – и повторно се сведна до колената на Боровјецки избувнувајќи во плач.

– Надвор, излегувај, овде не се завршуваат такви работи! – крикна Шварц.

– Доста! – му викна Боровјецки на германски.

– Ве молам, господине, таа веќе половина година се натура по сите наши одделенија и канцеларии, никако не можеме да се ослободиме од неа...

– А зошто тоа не е решено?

– Вие прашувате? Тој простак нарочно ја подметна тиквата под тркалото, не му се работеше, сакаше да ја ограби фабриката! И ние сега треба да плаќаме за неговата жена и за копилињата!

– Шуго една, како се дрзнуваш да ми ги нарекуваш децата копилиња! – вресна жената и бесно скокна кон Шварц, а тој се повлече зад масата.

– Смири се, жено! Смирете се и вие, господине, за и маливе господа да не плачат – извика исплашено посочувајќи ги децата, кои се беа припиле до мајка си и врескаа до небеса.

– Многупочитуван земјопоседнику, вистина е оти доаѓам од почетокот на есента и цело време ми ветуваат оти ќе платат, постојано доаѓам и молам, а тие само ме лажат и ме исфрлаат надвор како некоја кучка.

– Смирете се, денес ќе поразговарам со газдата, дојдете овде за една недела, ќе ви платат.

– Исус и Богородица Ченстоховска да те даруваат со здравје, имот и чест, о мој мил земјопоседнику! – извика паѓајќи му пред нозете и бакнувајќи му ги рацете.

Боровјецки ѝ се истргна и излезе, но подзастана на големиот трем и кога жената излегуваше, ја праша:

– А од кои краишта сте?

– Ами, господине, од Скерњевице сум.

– Одамна сте во Лоѓ?

– Ами, има едно две години како што се преселивме овде на наша несреќа.

– Одите ли некаде на работа?

– Кај може да ме примат паганиве, проклетиве еретици, а и кај да ги оставам моиве сираци?

– Од што живеете?

– Бедно живееме, многупочитуван господине, бедно. Живеам во Балути со едни ткајачи и плаќам цели три рубли месечно за

станување. Додека мојот покоен сопруг беше жив, имаше и сол и глад, ама сепак се живееше некако, а сега, кога го нема него, одам во Стар град да слугувам, понекогаш некој ќе ме викне за перење и така ти е – зборуваше брзо, замотувајќи ги децата во некакви гнасни, валкани партали од шамии.

– Зошто не се вратите дома, на село?

– Ќе се вратам, господине, веднаш штом ќе ми платат за мажот, се разбира оти ќе се вратам, ова гратче Лоѓ чума да го сотре, оган да го изгори, Господ Исус за ништо да не го поштеди, сите до еден нека пцовисаат.

– Молчете, нема зошто да колнете – шепна Боровјецки, малку подналутено.

– Немам зошто? – извика жената зачудено, кревајќи го кон него бледото, грдо лице, нагризено од сиромаштијата, и заплаканите, избледени сини очи. – Ами, ние, многупочитуван господине, насело бевме сал наемници, оти мојот имаше три јутри земја што ги наследи од татка си, а оти немавме како да изградиме колиба, живеевме кај своите братучеди. Живеевме сал од надница, ама сепак живеевме како луѓе, и компири имавме каде да посадиме за обработување, и гуска чуваш, па и прасе, и свои јајца имавме, и крава имавме, а тука што? Сиромашкиот аргатуваше од утро до мрак и немаше ништо за јадење, живеевме како најдолни простаци, а не како христијани, како пци, а не како достојни домаќини.

– Па, зошто сте дошле овде? Требало да си останете насело.

– Зошто? – извика болно. – Од кај да знам зошто! Одеа сите, та и ние појдовме. Пролетта појде Јадам, ја остави жената и појде. По жетвата, дојде толку наконтен, што никој не можеше да го препознае, целиот во убав штоф, имаше и сребрен часовник, и прстен, и толку пари што насело ни три години не би спечалил. Луѓето се чудеа, а овој подмолник лажеше, бидејќи му платиле за да носи луѓе од село и ветуваше богзнае што не. И веднаш со него појдоа двајца момоци, синот Јанков син и Гжегож од кај шумата, а потем веќе секој што можеше леташе во гратчево Лоѓ. Секој сакаше убаво да се облече, да има часовник и разврат! Јас мојон го задржував, оти што има да доаѓаме овде, кај туѓинци во толкав свет, а тој ме истепа како стока и појде, а потем се врати и нѐ поведе со себе. Господе мил, Господе мој! – шепотеше болно липајќи и бришејќи си ги носот и солзите со валканите ракави; толку почна да се тресе во очајничкиот плач, што децата се привија до неа и исто така почнаа тивко да плачат.

– Еве ви пет рубли и направете така како што ви реков.

Веќе му беше доста од ова, бргу се заврте и излезе, не чекајќи да му се заблагодарат.

Не поднесуваше сожалувања и нежности, а женава ја разбуди чувствителноста што полека умираше во него и што свесно ја потиснуваше.

Извесно време стоеше покрај „оксидацискиот“ котел Матер-Плат, низ кој минуваше сувата и веќе отпечатена стока, и со некаква расеаност ги набљудуваше тазе произведените бои, а поточно ја набљудуваше стоката што се размотуваше во преминувањето низ котелот. Жолтите цвеќенца, наложени од фарбата, се претворија во светлоцрвени под влијание на високата температура и на комплицираните раствори од анилинска сол.

По кусата пауза за ужина, фабриката продолжи да работи со иста енергија.

Боровјецки погледна надвор, низ прозорците од својот кабинет, бидејќи одеднаш се беше смрачило и почна да паѓа снег со необично густи снегулки и ги побеле ѕидовите на фабриките и двориштето. Го забележа Хорн како стои зад куќарката на портирот, низ која беше единствениот излез од фабриката. Хорн разговараше со истата жена, која занесено му благодареше за нешто и мушнуваше некаква хартија во пазувите.

– Господине Хорн! – викна, провирајќи ја главата низ малото прозорче.

– Баш сакав да дојдам кај вас – се огласи Хорн, појавувајќи се по миг.

– Што ѝ рековте на жената? – праша со мошне строг глас гледајќи во прозорецот.

Хорн накусо се колебаше, руменило му се појави на девојчински убавото лице, а во сините, добри очи затрепка пламен.

– Ѝ реков да појде кај адвокат, нека поведе процес за отштета против фабриката, зашто тогаш законот ќе ги присили да ѝ исплатат.

– А што ве интересира тоа вас? – почна лесно да тропка по стаклото и да ги подгризнува усните.

– Што ме интересира? – замолкна за миг. – Многу ме интересира секоја беда и секоја неправда, многу...

– А вие зошто сте овде? – остро го прекина и седна пред долгата маса.

– Па, јас сум практикант во канцеларијата, тоа вие најдобро го знаете, господине директор – одговори зачудено.

– Е, па, господине Хорн, како што ми се чини, нема да ја завршите практиката.

– На крајот на краиштата, сеедно ми е – мошне грубо шепна Хорн.

– Ама нам не ни е сеедно, нам, на фабриката, во која вие сте едно од милион колца! Не ве примивме овде за да се истакнувате со својата филантропија, туку за да работите. Правите неред овде, каде што сè се заснова на најсовршено функционирање, на правилност и сложност.

– Јас не сум машина, човек сум.

– Тоа дома. Во фабриката од вас не се бараат испити за човечност, ниту испити за хуманост, во фабриката се потребни вашите мускули и вашиот мозок, и само за тоа ви плаќаме – Боровјецки сè повеќе вриеше. – Овде вие сте иста таква машина како сите нас, па затоа правете го само тоа што ви е должност. Ова не е место за патетики, овде...

– Господине Боровјецки! – бргу го прекина Хорн.

– Господине Фон Хорн! Слушајте кога ви зборувам – закanувачки извика, бесно туркајќи го наземи големиот албум со мостри. – Бухолц ве прими на моја гаранција, ја познавам вашата фамилија, ви посакувам сè најдобро, но, како што можам да видам, вие сте болен од детинска демагогија.

– Ако го нарекувате така обичното сочувството кај луѓето.

– Ме компромитирате со такви совети што ги давате на сите што имаат какви било претензии кон фабриката. Требало да станете адвокат, тогаш би можеле да се грижите за несреќните и онеправданите, се разбира, за добар надомест – дофрли подбивно, бидејќи неговото гневно расположение некаде пропадна под влијанието на добрите очи на Хорн, вперени во него. – Всушност, да го оставиме ова. Ќе бидете подолго во Лоѓ, ќе ги запознаете подобро односите, подобро ќе ги видите угнетените, па ќе разберете како треба да се постапува. А кога ќе ја преземете татковата работа, тогаш ќе ми признаете дека сосема имам право.

– Не, господине, јас нема да издржам подолго во Лоѓ, ниту ќе ја преземам работата од татко ми.

– А што ќе правите? – извика зачудено.

– Уште не знам. Искрено ви признавам, иако толку остро, преостро ми се обраќате, но тоа настрана, зашто знам дека вие, како директор на ваква голема печатница, не можете да зборувате поинаку.

– Значи, нè напуштате? Толку разбрав, но не знам зошто?

– Затоа што веќе не можам да издржам во оваа подла лоѓска простотија. Вие, како човек од одредена сфера, сигурно ме разбирате. Затоа што со сета душа ги мразам фабриките, како и сите Бухолцовци, Розенштејновци, Ентовци, целата таа гнасна, индустриска банда – силно избувна Хорн.

– Ха-ха-ха, вие сте прекрасен чудак, неспоредлив! – од срце се смееше Боровјецки.

– Тогаш веќе ништо не кажувам – рече Хорн, длабоко навреден.

– Како сакате, а секако е подобро помалку да зборувате глупости.

– До гледање.

– Збогум, господине. Ха-ха-ха, имате актерски способности!

– Господине Боровјецки – почна Хорн, безмалку со солзи во очите, застанувајќи и сакајќи нешто да каже.

– Што?

Хорн се наклони и излезе.

– Капитален плачко – шепна Боровјецки по него и појде во сушилницата.

Го заплисна сув, вжештен воздух.

Огромните лимени четириаголници, исполнети со страшно вжештен и сув воздух, татнеа како далечни грмежи, блуејќи бескрајна лента од разнобојни, суви и крути ткаенини.

На ниски маси, наземи, на колички, кои тивко се движеа, лежеа цели купишта ткаенини и во тој сув, светол воздух во халата, чии ѕидови беа речиси целите од стакло, треперea со придушени бои на темно злато, пурпур со виолетова нијанса, морнарски азур, стар смарагд – како купишта метален лим со матен, мртов сјај.

Работниците, само по кошули и боси, со сиви лица, со згаснати очи и како изгорени од оваа оргија на бои што се тискаше овде, се движеа тивко и автоматски, беа само додаток на машините.

Одвреме-навреме, некој час ќе погледнеше низ staклата кон светот, кон Лоѓ, кој од оваа висина на четвртиот кат се привидуваше во маглите и чадот што ги испресекуваа илјадници оџаци, покриви, куќи, соголени дрвја, час на другата страна, кон полињата што се протегаа во длабочината на хоризонтот – кон сиво-белите, валкани пространства залеани од пролетните води; кон црвените згради на фабриките што се привидуваа овде-онде, кои од далечина црвенееја низ маглите со болен тон на месо одрано од кожата, кон далечните линии на малите селца, тивко приковани наземи, на патот, кои се извиваа преку полињата, како црна каллива лента што светка помеѓу низите голи тополи.

Машините бучеа неуморно и непрестајно свистеа трансмисиите, кои беа прицврстени под таванот и пренесуваа сила во другите хали; сè се движеше во ритамот на огромните метални кутии на сушилниците, кои мократа стока ја земаа од печатницата и ја исплукуваа сува, и стоеја во таа огромна, четириаголна хала полна со тажни бои и со тажната светлина на мартовскиот ден, со тажни луѓе, кои личеа на мали капели на богот-сила што семоќно владееше.

Боровјецки се чувствуваше нерасположено и расеано ја разгледуваше стоката да не е пресушена или нагорена.

„Глупаво момче“ – мислеше на Хорн и одвреме-навреме му се појавуваше во сеќавањето тоа младо, благородно лице и сините очи што гледаа во него со некаква нема тага на разочараност и прекор. Во себе чувствуваше некаков мрачен немир. Некои зборови на Хорн му доаѓаа на ум кога ги гледаше овие толпи луѓе што работеа молкум.

„И јас бев таков“ – мислата му летна во старите времиња, но не им дозволи на спомените да го зграпчат во своите остри канџи, подбивна насмевка му се извиваше на усните, а очите му светкаа ладнокрвно и разумно.

„Тоа помина! Помина!“ – мислеше со некакво чудно чувство на празнина, како да жалеше за тие времиња, жал за тие неповратни илузии, благородни пориви, кои животот ги распарчи – но тоа траеше кратко и пак се соземаше; беше тоа што беше, директор на печатницата на Херман Бухолц, хемичар, ладнокрвен човек, мудар, рамнодушен, подготвен на сè, вистински лоѕерменш, како што го нарече Мориц.

Беше во токму такво расположение минувајќи низ апретурата, кога еден од работниците му го попречи патот.

– Што е? – праша отсечно, не застанувајќи.

– Нашиот мајстор Пуфке рече дека од први април ќе има петнаесетмина вработени помалку.

– Да. Ќе се постават нови машини, кои нема да има потреба да ги опслужуваат толку луѓе како старите.

Работникот ја држеше капата в рака, не знаеше што да каже и не се осмелуваше да проговори, но, охрабрен од погледите што светкаа од зад машините, од зад купиштата ткаенини, праша одејќи по него.

– А што ќе правиме ние?

– Ќе си побарате работа на друго место. Ќе останат само оние што долго работат кај нас.

– А и ние работиме веќе по три години.

– Што да ви правам кога не сте ѝ потребни на машината, зашто работи сама. Впрочем, до први можеби ќе се смени нешто, ако ја зголемуваме халата за белење – мирно одговори и се качи на дигалката, која веднаш со него се спушти во длабочината на ѕидот.

Работниците молкум си разменуваа погледи, немир им светеше во очите, страв од утрешниот ден, без работа, од бедата.

– Мрши, не машини. Кучиња, мамичето ваше – шепна работникот и бесно клоцна една машина отстрана.

– Стока паѓа на земја! – викна мајсторот.

Работникот бргу ја натна капата, малку се поднаведна и со смиреност на автомат го прифати црвениот бархет од машината.